Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за економија и труд | Ministria e Ekonomisë dhe Punës**

**Прекршочна комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции**

Архивски број:28-315/6
Скопје, 20-06-2025 2025 година

Прекршочната комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции во Министерството за економија и труд (во понатамошен текст комисијата), Комисија формирана со решение бр. 04-2317/1 од 28.04.2025 година, преку заменик претседателот Александра Личоска, замениците членови Елизабета Поп-Ангелова и Арменд Абази во прекршочниот предмет бр. 30- 395 од 30.12.2022г. по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од Државен пазарен инспекторат- подрачје Виница , број ИП 09-218 од 28.12.2022 година, против ДПМТУ Вел Јан Дооел -Кочани , како правно лице, со седиште на ул.“ Димитар Влахов “ бр. 118, Кочани и Илија Карадаковски од Кочани со стан на ул.“ Рајко Жинзифов “ бр.1 Кочани како одговорно лице во правното лице за сторен прекршок по член . 9 став 1, а казнив по член 68 став 1 и 5 од Законот за туристичка дејност, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/ 14, 116/15, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20,16/25)на седницата одржана на ден 20.06.2025 година донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. ДПМТУ Вел Јан Дооел - Кочани , како правно лице, со седиште на ул.“ Димитар Влахов “ бр. 118, Кочани, жиро сметка број 300500000029764, депонент Комерцијална банка, ЕДБ 4013022520473, како правно лице и
2. Илија Карадаковски, со стан на ул. “ Рајко Жинзифов “ бр.1 Кочани државјанин на Република Северна Македонија, како одговорно лице во правното лице **ПРЕКРШОЧНО СЕ ОДГОВОРНИ.**

ЗАТОА ШТО:

На ден 29.08.2022 година за ДПМТУ Вел Јан Дооел , како правно лице, со седиште на ул.“ Димитар Влахов “ бр. 118, Кочани, при извршен вонреде инспекциски надзор , се констатира дека субјектот не го пријавил исполнувањето на МТУ во ДПИ Кочани и не го вратил уплатениот износ на странката подносител на претставката.Сторителот на прекршолот не постапил по насоките на инспекторот не ги отстранил неправилностите , со што е сторен прекршок по член 9 став 1, а казнив по член 68 став 1 и 5 од Законот за туристичка дејност, („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/ 14, 116/15, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20,16/25), поради кое прекршочната комисија им изрекува:

1. За ДПМТУ Вел Јан Дооел Кочани , како правно лице, ГЛОБА во износ од 100 евра, во денарска противвредност од 6.150,оо денари, сметано по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија во времето на изрекувањето на глобата.

2. За Илија Карадаковски, одговорно лице во правното лице, ГЛОБА во износ од 100 евра, во денарска противредност 6.150,оо денари, сметано по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија во времето на изрекувањето на глобата.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ сторителите на прекршокот, да ја платат глобата во рок од 15 дена по правосилноста на ова решение на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: НБРМ , сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840- * * * (општина каде се уплаќа)- 05257, приходна шифра и програма 722 123 00, со цел на дознака - наплата на глоба, во спротивно истата ќе се наплати по присилен пат согласно чл. 129 став 2 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 253/23 и 96/25) .

По еден примерок од вирманите да се достави до прекршочната комисија, на адреса, Министерство за економија и труд - Прекршочна комисија, ул. "Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот пазарен инспектор, Блашка Ефтимова од Државен Пазарен Инспекторат- Виница, поднесе барање бр. ИП 09-218 од 28.12.2022 година за поведување на прекршочна постапка против ДПМТУ Вел Јан Дооел - Кочани како правно лице и Илија Карадаковски, одговорно лице во правното лице.

Постапувајќи по барањето на подносителот, прекршочната комисија согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, писмено ги извести и ги поучи сторителите дека во рок од три дена може писмено да се изјаснат за фактите и доказите наведени во барањето. Меѓутоа и покрај два обиди за уредна достава до правното и одговорното лице кои беа неуспешни, мораше да се пристапи со јавна објава, согласно член 56 став (5) и член 57 став (4) од Законот за прекршоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 253/23 и 96/25).

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за економија и труд | Ministria e Ekonomisë dhe Punës

**Прекршочна комисија за водење на прекршочна постапка за прекршоци и изрекување прекршочни санкции**

Комисијата при одлучувањето за видот и висината на прекршочната санкција ги разгледа и ги зеде во предвид сите приложени писмени докази како и околностите од член 16 и чл. 37 од Законот за прекршоците и тоа: природата и тежината на прекршокот, околностите под кои прекршокот е сторен, па поради тоа им изрече глоба на за ДПМТУ Вел Јан Дооел од Кочани во износ од **100** евра во денарска противвредност **6.150,оо** денари и на Илија Карадаковски, одговорно лице во правното лице, глоба во износ од **100** евра во денарска противвредност **6.150,оо** денари, сметано по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија во времето на изрекувањето на глобата.

Со изречената прекршочна санкција комисијата смета дека ќе се исполни целта на казнувањето и превентивно ќе се влијае на сторителите во иднина да не вршат прекршоци од овој и друг вид.

**ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Заменик Претседател,
Александра Личоска

Заменици Членови:
- Елизабета Поп-Ангелова
- Арменд Абази

Доставено до:
- Сторителот на прекршок
- Архива на прекршочни предмети,
- Одделение за прекршоци и
- Прекршочна комисија